Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр 1702-71/8 од 10.7. 2009 год., донесена на 31. седница на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 8.7.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент во наставно-научна област ***меѓународна економија*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, во состав:

1. доц. д-р Ристо Фотов, претседател
2. доц. д-р Круме Николоски, член
3. проф. д-р Трајче Мицески, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 4.7.2009 год. Во предвидениот рок пристигнаа пријави од следниве кандидатити: м-р Марјан Панов, м-р Влатко Пачешкоски, м-р Марина Радосављевиќ и дипломиран економист Тоше Кипријанов. По рокот, предвиден според Конкурсот, пристигна пријавата на м-р Магдалена Тондева-Павловска.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за избор на двајца соработници, објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 4.7.2009 година, за наставно-научната област ***меѓународна економија***, се пријавија следниве кандидати:

1. м-р Марјан Панов,
2. м-р Влатко Пачешкоски,
3. м-р Марина Радосављевиќ и
4. дипломиран економист Тоше Кипријанов,
5. по предвидениот рок е пристигната пријава (на 10.7.2009 година) од м-р Магдалена Тондева-Павловска.

Потребни документи, според распишаниот Конкурс:

- пријава;
- диплома за одбранет магистерски труд (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
- уверение за државјанство.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

**П Р Е Г Л Е Д**
**на доставена документација од пријавените кандидати за соработници**

| Документ/ кандидат | Марјан Панов | Влатко Пачешкоски | Марина Радосављевиќ | Тоше Кипријанов | Магдалена Тондева Павловска |
|---|---|---|---|---|---|
| Пријава | Да | Да | Да | Да | Да |
| Диплома (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар) | Нема 1 оригинал, а има 3 копии заверени кај нотар | Има 1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар | Има 1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар | Нема | Нема 1 оригинал, а има 3 копии заверени кај нотар |
| Кратка биографија во 4 примероци | Да | Да | Да | Нема | Да |
| Потврда за странски јазик | Да, но копија (незаверена кај нотар) | Да | Да | Нема | Да |
| Список на трудови | Нема | Има објавено 9 труда | Нема | Нема | Нема |
| Уверение за државјанство | Има | Има | Има | Нема | Има |

1. ***Биографски податоци - м-р Марјан Панов***

**М-р Марјан Панов** е роден на 28 март 1979 година. На 2 јуни 2008 година магистрира на Економскиот институт во Скопје, оддел - Финансиски менаџмент, со средна оценка 8,88. Вработен е во „Весна –САП” ДОО Скопје, подружница „Статеринг” ДООЕЛ Пробиштип, на работни задачи маркетинг, продажба, набавка, наплата, човечки ресурси. Има познавање од компјутерските програми Word, Excel, Power Point, Outlook express, Internet.

2. ***Биографски податоци - м-р Влатко Пачешкоски***

**М-р Влатко Пачешкоски** е роден на 1 март 1980 година во с. Бучин, Крушевско, со постојано место на живеење во Прилеп. Основно образование завршува во с. Бучин, со одличен успех, а средно образование (општа гимназија) во Крушево, исто така со континуиран одличен успех.

Во учебната 1998 година се запишува на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола. Студиите ги завршува во предвидениот рок и дипломира во ноември 2002 година со просечна оценка 9,16, при што добива пофалница и награда од факултетот за постигнатиот успех, како еден од најдобрите студенти и потоа се стекнува со назив **дипломиран економист** на отсекот Економија, насока Меѓународна економија. Во учебната 2002 год се запишува на постдипломски студии Меѓународна економија и бизнис, каде што испитите ги завршува во предвидениот рок со просечна оценка 9,80. На 18 ноември 2008 година магистрира на тема ***„Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија“*** и се стекнува со научно звање **магистер по економски науки** на насока Меѓународна економија.

Кандидатот В. Пачешкоски активно го познава англискиот јазик, има одлични познавања од Windows XP Professional, Microsoft Office XP, Internet.

3. ***Биографски податоци - м-р Марина Радосављевиќ***

**М-р Марина Радосављевиќ** е родена на 25 јануари 1982 година во Штип. Магистрира во областа на европски студии на Економски факултет во Скопје, со средна оценка

8,25. Од странските јазици солидно го владее англискиот јазик. Има одлично познавање на компјутерски вештини од Excel, Word, Outlook, Windows, Microsoft, Internet and Power Point.

4. ***Биографски податоци - Тоше Кипријанов***

**Тоше Кипријанов** е роден на 24 ноември 1983 година во Кочани. Дипломира на Економски факултет во Скопје, во 2006 година. Запишан е на постдипломски студии на МБА-менаџмент на Економскиот факултет во Скопје.

5. ***Биографски податоци - м-р Магдалена Тондева-Павловска***

**М-р Магдалена Тондева-Павловска** е родена на 29 мај 1967 година во Штип. Магистра во областа МБА-менаџмент на Економски факултет во Скопје, на 8.7.2009 година, со средна оценка 7,56. Има богато практично искуство од областа на даночен консултант како член на ревизорскиот тим во „Прајсвотерхаус Куперс" од 2006 година до денес. Кандидатката има 15-годишно работно искуство во областа на деловна администрација, од кои: 5 години во даночна администрација и 3 години во меѓународна консултантско-ревизорска куќа, 3 години во област ревизија на даноци итн. Повеќе од 9 години, таа е постојан судски вештак од областа сметководство и финансии. Од светските јазици солидно го владее англискиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на м-р Влатко Пачешкоски***

Од октомври 2003 год. до денес, кандидатот е ангажиран на Економскиот факултет во Прилеп. Изведува вежби по следниве наставни дисциплини:

- Теорија и политика на економски развој
- Вовед во економска глобализација
- Меѓународни односи
- Меѓународни финансии
- Развој на економската мисла
- Економски доктрини
- Анализа на работењето
- Деловна анализа.

М-р Влатко Пачешкоски покажува интерес за научна и стручна работа. Тоа јасно се гледа од списокот приложени трудови до Комисијата:

1. ***Меѓународната банка за обнова и развој (IBRD- International bank reconstruction and development) и нејзите функции*** - семинарски труд под менторство на проф. д-р Благоја Ацески (2004);
2. ***Улогата и значењето на инструментите во меѓународниот маркетинг,*** семинарски труд, под менторство на проф. д-р Гоце Менкиноски (2004);
3. ***Глобализацијата и земјите во развој,*** Зборник на трудови при годишникот на ЕФ – Прилеп, 2006;
4. ***Сметководствените извештаи и информации како една од подлогите за деловно одлучување,*** Зборник на трудови на Меѓународна научна конверенција на тема „Предизвиците на новата економија", Охрид, 2005 (во коавторство со проф. д-р Борка Соколоски);
5. ***Улогата и значењето на финансиските извештаи во услови на глобализирана економија,*** Зборник на трудови на Меѓународна научна конференција на тема „Бизнисот и глобализацијата", Охрид, 2007;
6. ***Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија,*** магистерски труд под менторство на проф. д-р Сашо Атанасоски, Прилеп, 2008 год.
7. ***Strane direktne investicije i stvaranje preduslova za privredni razvoj – zemalja u tranziciji* – Majska konferencija o strategijskom menadzmentu,** Универзитет во Београд, Технички факултет во Бор, 2008 год;
8. ***Janusovo lice globalizacije,* Majska konferencija o strategijskom menadzmentu,** Универзитет во Белград, Технички факултет во Бор, 2007 год. (во коавторство);
9. ***Ekonomska globalizacija - niz prizme na virtualizacija i transnacionalizacija,* SYM-**

**OP-IS, Simpozium o operacionih istyrazuvanja,** Факултет за организациони науки, Београд, 2008.

**Евалуација на трудот со реден број 1 - „*Меѓународната банка за обнова и развој (IBRD- International bank reconstruction and development) и нејзите функции*"**

Во овој труд, посебен простор е посветен на улогата и значењето што го има и што треба да го има Меѓународната банка за обнова и развој во креирањето услови за глобален економски развој, на сите субјекти во светската економија. Односно, тука е ставен посебен акцент на функциите на оваа институција не само од дескриптивна природа, туку и критички осврт во функција на нивно зацврстување, трансформирање и предлагање на нови, во единствена насока на што поголем економски раст на помалку развиените земји.

**Евалуација на трудот со реден број 2 - „*Улогата и значењето на инструментите во меѓународниот маркетинг*"**

Во овој труд се елаборирани и презентирани инструментите на меѓународниот маркетинг (производ, цена, промоција, дистрибуција). Авторот на експлицитен начин и недвосмислено ја потенцира потребата од нивна координација и компатибилност во функција на што поголема конкурентност, како на домашниот така и на странскиот пазар. Тргнувајќи од тука се презентира и стратегија која инкорпорира координација и хармонизација на инструментите на меѓународниот маркетинг, преку која ќе им се овозможи поуспешно вклучување на компаниите на домашниот и на странскиот пазар.

**Евалуација на трудот со реден број 3 - „*Глобализацијата и земјите во развој*"**

Трудот ги опфаќа теориските пристапи кон поимот на глобализацијата, кои формално се многу различни, но сепак во суштина блиски. Разликите во формулациите можат да се сведат само на нијанси, бидејќи де факто кај сите нив се работи за дефинирање на една иста тенденција чија крајна цел е нов, глобален, светски поредок.

Според авторот, во најширока смисла зборот глобализацијата се толкува како процес на унифицирање на националните системи и тоа во сите нивни сегменти (општествен, економски, социјален, културен итн.) Исто така, тука се истакнуваат сите предности на процесот на глобализацијата-подобра алокација и експлоатација на ресурсите, со што расте производството, а со тоа и животниот стандард, подобар пристап до технолошките достигнувања (know how) и нивна дисперзија; подобар асортиман и квалитет на потрошувачка; подобар и поекономичен транспорт; подобри и поевтини информации итн. Но, тука се поставува прашањето кои земји во светската економија ги апсорбираат предностите од глобализацијата?

Оттука, логично се поставува прашањето за позицијата на земјите во развој: каква е нивната положба денес и какви се нивните перспективи за успеешно вклучување во овој процес? Несомнено тие се дел од светската економија и ја делат нејзината судбина. Прашањето и основната поента е како земјите во развој да станат активен субјект во светската економија. Во трудот се потенцира дека отворањето, меѓусебната соработка и интеграцијата во регионалните и глобалните структури е „condition sine qva non" за развој на секоја национлна економија. Секако, тоа најмногу е услов за земјите во развој, чијшто степен на зависност од нивните односи на меѓузависност со другите држави е најголем. Затоа, останувањето на земјите во развој настрана од овие процеси, не само што не е можно, туку е и нерационално. Затворањето и изолацијата на овие земји не би значеле ништо друго, туку свесен и сигурен чекор во бесперспективноста и пропаста. Исто така, отворањето на овие земји и нивната интеграција во светските текови би значело исчекор во неизвесност исполнета со бројни предизвици и опасности. Но, исто така, тука во овој труд се презентирани и шансите за креирање и имплементација на стратегијата за поефикасно вклучување и апсорбирање на ефектите на овие земји од процесите на регионализација и глобализација во светската економија и денес, и во иднина.

**Евалуација на трудот со реден број 4 - „*Сметководствените извештаи и информации како една од подлогите за деловно одлучување*“**

Во овој труд авторот истакнува дека во современи услови на пазарно работење на стопанските субјекти и на експлицитен начин се елеборира и констатира покрај капиталот, работната сила или објектите како клучен ресурс се јавуваат сметководствените информации и сметководствените извештаи. Всушност, како основен ресурс, како солидна база сметководствените информации и сметководствените извештаи се јавуваат при донесувањето на деловните без разлика за кое хиерархиско ниво на менаџментот станува збор.

Имајќи го предвид целокупното значење на сметководствените информации и сметководствените извештаи, авторот заклучува: денес и во иднина сите стопански субјекти треба што повеќе да инвестираат во овие ресурси, затоа што само на тој начин ќе може менаџментот да донесува што поефективни и поефикасни одлуки.

**Евалуација на трудот со реден број 5 - „*Улогата и значењето на финансиските извештаи во услови на глобализирана економија*“**

Во овој труд авторот го нагласува значењето, за да се овозможи побрз напредок и развој на компаниите и на националните економии мора да ги следат, прифаќаат и имплементираат движењата и правците на глобализацијата. Односно, авторот потенцира дека во ерата на новата економија финасиските извештаи мора да бидат усогласени и хармонизирани со тековните трендови. Имено, оваа констатација авторот смета дека мора да се имплементира, затоа што сите компании, а посебно ТНК бараа унифицирање на евиденцијата и извештаите, со што се поедноставува следењето и прикажувањето на работењето и резултатите од тоа работење.

Во овој правец се и МСС (Меѓународните сметководствени стандарди), во рамките на Европската унија, поточно 4-та и 7-та директива, коишто стандарди се прифатени и во Република Македонија.

**Евалуација на трудот со реден број 6 - „*Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија*“ - магистерски труд**

Магистерскиот труд на Пачешкоски се карактеризира и наметнува со својата актуелност, комплексност и значење. Актуелноста на овој магистерски труд произлегува и оттаму што и денес, на почеток од 21 век, прашањето за положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија е едно од најважните прашања и предизвици со кои се соочува современата меѓународна заедница. Всушност, најдобра афирмација за актуелноста на ова прашање е фактот што тоа континуирано е предмет на разгледување на состаноците на разни меѓународни институции и научни форуми на коишто се бараат теоретски и практични одговори за решавање на проблемот на сè поголемиот јаз во развиеноста меѓу северот и југот како синоноими за развиеноста, богатството и моќта и за неразвиеноста, сиромаштијата и немоќта.

Комплексноста на магистерскиот труд произлегува од повеќе чинители:

- различните теоретски концепции за причините за неразвиеноста и аналогно на тоа за насоките и патот за излез од неа;
- тука се инкорпорирани и бројните економски и неекономски фактори коишто влијаат врз развојот на светската економија и во тој контекст на положбата и развојните перспективи на земјите во развој;
- процесите на промени и трансформации на светската економија се постојани и со акцелераторска динамика, така што денес нејзините политекономски карактеристики се многу поразлични и истите бараат теоретско објаснување и практично решавање;
- новата структура и карактеристики на светскиот пазар и дејствувањето на економските законитости во услови на глобализација на економијата и во услови на новото информациско општество.

Трудот е изработен во овие услови и карактерстрики на светската економија денес, од што произлегува и тежината на овој магистерски труд. Претходно изнесеното го определува и значењето на трудот, односно проблематиката која е предмет на истражување и анализа. Притоа резултатите добиени од магистерскиот труд се доволна афирмација за

еден квалитетно и солидно изработен магистерски труд. Всушност, и генерално во овој труд солидно се анализира и објаснува положбата на земјите во развој во меѓународната трговија и меѓународните финансии, но исто така и меѓународната политика како суштествени елементи на светската економија и истовремено се утврдени и можните перспективи за подобрување на нивната положба. Притоа се обработени поголем број прашања, од каде што се согледува повеќедимензионалноста на темата, ставени во функција на предметот и компактно поврзани во една конзистентна целина.

Магистерскиот труд опфаќа 240 страници отчукан текст на македонски јазик, со проред еден и половина, и современа техничка обработка на текстот, што обезбедува негова систематизираност и прегледност.

Концептот и содржината на овој труд се систематизирани во пет логично концепциски поврзани делови. Покрај воведот и заклучните согледувања, трудот ги инкорпорира следниве три тематски сегменти:

1. полиекономските карактеристики од современата фаза од развојот на светската економија;
2. положбата на земјите во развој во светската економија - состојби и тенденции;
3. можните перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој.

Во воведниот дел од трудот авторот дава објаснување на целта, предметот и задачите на истражување, како и методологијата на истражувањето.

Во првиот дел, авторот дава осврт и анализа на процесите на регионализација и глобализација во светската економија, преку нивната економска и политичка димензија, притоа ја акцентира нивната супериорност во севкупниот општествено-економски развој, а посебно важноста на овие процеси за земјите во развој. Всушност, авторот ја потенцира неопходноста и неодложноста на потребата од вклучување на земјите во развој во овие процеси. Во овој дел се направени и различни анализи за моќта во светската економија, нејзината прераспределба, односно како денес е распределена, како се трансформира и како ќе се трансформира моќта и кои се причините за немоќта на земјите во развохј во светската економија. Во овој сегмент, исто така посебна анализа авторот имплеменмтира на клучните проблеми со кои се соочува светската економија денес.

Тој истакнува дека круцијални проблеми со кои денес се соочува светската економија се:

- продлабочување на дискрепанцата во развојот помеѓу развиените земји и земјите во развој;
- демографскиот раст и невработеноста;
- меѓународниот долг и должничката криза;
- системот на меѓународни економии.

Во вториот дел од трудот е извршена анализа на положбата на земјите во развој во светската економија. Во тој контекст авторот го нагласува значењето на различните класични, марксистички, неомарксистички и современи теоретски концепти за неразвиеноста и нивниот придонес за излез од неа. Во рамките на овој дел од трудот се обработени низа конкретни показатели и анализи, преку коишто се согледува и елаборира положбата на земјите во развој во: меѓународната трговија, меѓународните финансии, како и која е и каква е улогата на транснационалните компании во овие земји. Исто така, покрај економските аспекти на положбата на земјите во развој, авторот со цел да направи поексплицитна слика за положбата на овие земји во светската економија ја анализира и проучува улогата и значењето на земјите во развој во светската политика и влијанието на меѓународната политика и институции врз нивниот иден развој и истовремено ги потенцира кои се можностите и алтернативите за надминувањето на гладот и сиромаштијата на помалку развиените земји во светот.

Централен дел во истражувањето претставува третиот дел, што се однесува на можните перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија. Во овој дел од трудот авторот се фокусира во две насоки. Во тој контекст, имплементира анализа на внатрешните потенцијали (капиталот, населението, природните

ресурси и технологијата), со коишто располагаат земјите во развој, притоа анализирајќи ги искуствата на земјите во развој, коишто успешно излегле од зоната на неразвиеност и економските политики што водат кон таа цел. Втората насока која авторот ја потенцира е анализа на тоа: каква е, која е и каква треба да биде улогата на меѓународната заедничва во подобрувањето на положбата на земјите во развој во светската економија, притоа тој извршува критичка анализа на досегашните искуства и резултати од овој домен, а во функција на поефикасна помош и поддршка на развојот на овие земји. Во третиот сегмент од овој дел на трудот врз основа на претходно добиените резултати од анализата на внатрешните потенцијали на ЗВР, моделите за нивни побрз економски развој и улогата на меѓународната заедница во досегашниот и идниот развој на овие земји, авторот ги утврдува и елаборира реалните перспективи и можности за подобрување на положбата на овие земји во светската економија.

На крајот, дава сублимирање на сите претходни елаборирања, дава заклучни согледувања за можностите за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија, врз основа на претходно извршените истражувања и анализи.

**Научен придонес**

Врз основа на анализата на магистерскиот труд, може слободно да се констатира дека авторот својот истражувачки интерес го фокусира кон една особено комплексна проблематика, што е исклучително релевантна од аспект на дефинирањето на развојните перспективи на земјите во развој. Тој има извршено продлабочена и студиозна аналитичка опсервација и елаборација и истата ја презентира во една концепциска хармонизирана, кохерентна и прегледна целина. Комисијата цени дека темелната вредност и научниот придонес на овој труд можат да се согледаат преку следново:

– дава сеопфатна слика за положбата, состојбите, тенденциите и перспективите на земјите во развој во светската економија;
– дијагностицира сериозни проблеми во оваа област, што егзистирааат подолг временски период и бележат тренд на пораст, при што го идентификува нивниот структурен карактер;
– дава конструктивни размисли, предлози и сугестии во однос на перспективното структуирање за подобрување на нивната положба во светската економија;
– ги идентификува мерките, механизмите и инструментите за имплементација на стратегијата за побрз излез од неповолната положба на овие земји во светската економија.

**Оригиналноста на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла.** Трудот претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чија примена се овозможува подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија.

**Соодветност на применетата методологија.** Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, статистички методи ( метод на корелација, стандардна грешка, индексни броеви), компаративниот метод, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

**Научна заснованост на експликацијата на заклучоците.** Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

**Евалуација на трудот со реден број 7 -** ***„Strane direktne investicije i stvaranje preduslova za privredni razvoj – zemalja u tranziciji“***

Во овој труд странските директни инвестиции (СДИ) се сметаат како клучен инструмент во процесот на трансформација на централно планските стопанства на земјите од Источна Европа, кон пазарен систем. Во овој труд, всушност, се анализира директниот прилив на капитал и индиректното влијание на СДИ на економскиот раст и развој на земјите во транзиција. Тргнувајќи од тука, авторот констатира дека СДИ постојано не донесуваат долгорочна корист за земјата-домаќин, затоа што развојните ефекти од СДИ ќе се случат тогаш кога ќе се унапредат апсорпционите и адаптивните можности на домашните компании, доколку се усвои активна политика кон странските директни инвестиции.

**Евалуација на трудот со реден број 8 - „*Janusovo lice globalizacije*“**

Во овој труд авторот на експлицитен начин елаборира за алтернативите кои во глобала доведуваат до заплети, до голема мистификација околу вистинската борба за или против глобализацијата. Тргнувајќи од тука, тој констатира дека голем знак кој ја означува епохата на настанување на „светското општество“ (глобален поредок) не се сведува првенствено на борба за или против глобализација. Таквиот аранжман би имал исто толку шанси за успех колку и основањето на „партија за или против излегувањето на сонцето“, случување, процес кој не може да се запре и е независно од човековата волја. Имајќи го предвид тоа, авторот потенцира дека вистинската борба треба да се води околу социјалната природа: дали таа води кон постепено зголемување на благосостојбата или сиромаштијата, кон светски мир или негова дестабилизација, глобална демократија или автократска светска држава, еколошка рамнотежа или неодржлива природна средина. На крај, се заклучува дека од правецот по кој ќе се имплементира процесот на глобализација ќе зависи на кој начин ќе живеат милијарди луѓе во светот.

**Евалуација на трудот со реден број 9 - „*Ekonomska globalizacija - niz prizme na virtualizacija i transnacionalizacija*“**

Во овој труд се анализирани конкретни фактори и прашања кои ги сочинуваат истовремено и клучните економски аспекти на процесот на глобализација. Во целиот труд на мошне експлицитен начин се манифестирани економските аспекти на глобализацијата, и авторот даоѓа до заклучок дека тие се крајно противречни, посебно поради фактот што само парцијално се трансформира светската економија во целовит систем, односно наспроти тоа преку овој процес се зголемува јазот помеѓу развиените земји и помалку развиените, нерамномерен економски развој и социјални диспропорции на ниво на светската економија.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот труд на м-р Влатко Пачешкоски, Комисијата стекна впечаток дека тој постигнал евидентни резултати во научноистражувачката област. Исто така, Комисијата констатира дека кандидатот има објавено бројни научни и стручни трудови, со кои сè повеќе го свртува вниманието на научната и стручната јавност.

Исто така, Комисијата смета дека и м-р Марина Радосављевиќ, според постигнатиот успех на постдипломските студии, како и заради соодветноста на потесната научно-наставна област - европски студии, како дел од меѓународна економија, ги исполнува условите од Конкурсот и Законот за високото образование за успешно изведување на наставниот процес во делот на реализација на вежби од наставно-научната област меѓународна економија.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев“ да ги избере кандидатите **м-р Влатко Пачешкоски** и **м-р Марина Радосављевиќ** за помлади асистенти во областа ***меѓународна економија*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**

**Доц. д-р Круме Николоски, член, с.р.**

**Проф. д-р Трајче Мицески, член, с.р.**